# Турбопоп и квинтисенцијалниот херој

Пишува Игор Тошевски

Ангажираноста во контекст на уметноста произлегува токму од политичкиот дискурс. Затоа, на многу јазици, она што го подразбираме како ангажирана уметност едноставно се нарекува политичка. Но, ова е комплексна категорија. Пред сè, во денешни времиња е тешко да се биде аполитичен. Истовремено, тоа не подразбира позиционирање исклучиво во однос на дејности поврзани со општественото управување и со дистрибуцијата на моќта. Дури и да е така, овие атрибути денес често им се припишани и на корпорации, банки или на идеолошки платформи застапени од невладини здруженија, рекламни агенции или верски институции. Со други зборови, уметникот веќе одамна не е романтична и егзотична фигура каква што се замислувала во, да речеме, неговата претходна, апстрактно-експресионистичка инкарнација. Сепак, неговите „отшрафени“ толкувања за светот засега се, можеби, единствената разумна алтернатива во однос на егзистенцијата исполнета со нестабилни вредности и неизвесна иднина.

Да ја земеме за пример популарната култура. Прочитав дека ниедна од нашите т.н. национални телевизии нема сопствена продукција за помали од 16 години - едукативни емисии или играни серии, без рафали, мегабомбардери и реки крв. Семејствата се сведени на тоа нивните најмлади да впиваат турски сапуници, без примена на некаков филтер. Ова би било недозволиво во цивилизирано општество, чиј колективен идентитет почива врз принципите на заштита на јазикот и автохтоните културни традиции. Овие вредности и онака се постојано изложени на девастациските влијанија на масовните медиуми, создадавајќи пакет за инстант- консумација како конгломерат на културолошки „кармакаши“, јазички девијации и хаос од визуелни информации. Културната наобразба има задача да го амортизира овој шок. Но, што ако токму во таа колективна неосвестеност лежи суштината на нашата современа уметност? Така, таа би била реален одраз на нашата сегашна, бастардизирана култура. Вистина е дека апропријацијата на Скопје од големите архитекти на колективниот идентитет е одамна изгубена битка за оние што се залажуваа дека ќе видат подобра иднина и повисок степен на културен развој. Последниот бедем на граѓанскиот интегритет е урнат токму од институциите кои требаше да нè заштитат од ваквата трагедија. Но, ако се потпреме на старите добри мудрости од дамнешните цивилизации, ќе видиме дека постои опцијата „мудро“ согледување на околностите како неминовност и нивно прифаќање како „предизвик“. Уметноста секогаш си поигрувала со ваквите конзервативни ставови, но да видиме каде може да оди ова.




Ѓорѓе Јовановиќ, „Величенствениот“, акрил на платно, 2012

Една од „реалностите“ што ни се подадени е телевизијата како моќен медиум за масовна културна пропаганда. Освен вестите, речиси 80% од програмата е напикана со увезени сапуници, чии протагонисти станаа икони на современата македонска култура, дејствувајќи како антидот за сеприсутниот политички „калабалак“ и нудејќи идентификација со една поинаква, романтична реалност. Ова влијание е толку силно што дури и децата ги апсорбираат овие модели поистоветувајќи се со ликовите, додека мајките си ги прераскажуваат сериите небаре се вистински искуства. Ликот на Сулејман е нашиот квинтисенцијален херој.

Но, наместо револт кон ваквите манифестации на необразованоста, предлагам сосема друг пристап. Пред сè, треба да се запрашаме зошто уметноста би го отфрлила овој „ерес“, кога токму во вителот на ваквите симулакруми е вгнездена суштината на ликовноста? Зарем поп-артот не беше тој што ентузијастички ги прифати најниските аспекти на потрошувачкиот менталитет, создавајќи од тоа сосема нов, свеж дискурс во уметноста? Спротивставувајќи се на она што дотогаш важеше за елитистичка, претенциозна уметност, поп-артот ни ги понуди предметите од масовното производство како „висока“ уметност, при што и не беше толку важна самата уметност, колку ставот што беше имплициран како сериозен ангажиран дискурс. Една од причините зошто поп-артот е сè уште валиден е тоа што публиката најде утеха во препознавањето на моделите што ѝ се блиски, па оваа уметност стана прифатлива транзиција за оние што имаа проблем со постмодернизмот.

Имајќи го на ум успехот на оваа појава, а земајќи ја предвид реалната епидемија на потрошувачката зараза кај нас, ликовниот дискурс во Македонија може елегантно

**Ова влијание е толку силно што дури и децата ги апсорбираат овие модели поистоветувајќи се со ликовите, додека мајките си ги прераскажуваат сериите небаре се вистински искуства. Ликот на Сулејман е нашиот квинтисенцијален херој.**

да се вклопи во оваа стратегија. Иронијата би била таа што земјава и не познава никакво масовно производство ниту сериозни пазарни стандарди, па културата се манифестира преку призмата на нискиот стандард и затапеноста на просечниот граѓанин. Тогаш да го наречеме овој феномен турбопоп-уметност. Во него би бил инкорпориран циничниот одговор на современата, болна состојба во културата и во другите општествени структури. Рака на срце, овој феномен започна со музиката во 80-тите години, со групи како „Пеницилин", „Бадминтонс" и подоцна со „Канал 103" и „Т.Б. Трачери", чии текстови го легитимизираа локалниот урбан дијалект во рок-поезијата. Меѓутоа, за чудо, сè уште се ретки ваквите обиди во ликовната уметност, освен неколкуте ендемски примери: Цветковски со своите арт-брут колажи и, секако, Ацо Станкоски во неговите психоделични сликарии и стрипови кои, освен сатира, поседуваат критички сарказам доследен на еден Бош или Де Сад. Творештвото на Атанас Ботев, можеби, е најдобар пример за примена на овие принципи во поновата сликарска практика, но тука речиси завршува приказната. Празнината е исполнета со спорадични изблици на ретки, но, сепак, луцидни дела. Би издвоил два примера од неодамнешната групна изложба ЕПП на иницијативата КООПЕРАЦИЈА, чија тема беа токму популарната култура и кичот. Преку делото на Јовановиќ, „Величествениот", бев вџашен колку позитивно публиката го имаше прифатено заедничкиот код во интерпретацијата на популарната серија. Иако недоволно присутен кај нас, стрипот сè уште е препознатлив израз, па дури оние што не знаат ништо за опусот на Лихтенштајн, без проблем ја разбраа премисата во ова комплексно дело. Другиот случај е објектот на ОПА: суптилно е провлечена нитка на наивен маркетиншки дизајн во фалсификат производ – бонбониера со чоколадни лавови, реплики на оние тажни примери на скулптура од нашиот „нов" плоштад. Ироничноста е во деликатниот пакет кој, на поблиско читање, се претвора во тврда тупаница на




**Синиша Цветковски, „Добредојдовте во Лизниленд", колаж, 2003**

циничен политички став. Смееме ли да побараме уште примери?

Кај нас транзицијата заврши со неуспех од едноставна причина затоа што ние, како и другите земји од регионот, ја имавме сфатено како механички скок во капитализмот. Но, дури и овој скок, проследен со криминални приватизации и со општа тепачка за пратенички фотелји, не се разви во целост создавајќи каква-таква културна елита. Оттаму девијацијата на естетските критериуми што сега ни се истопорија во целиот свој евтин сјај и патетична корпулентност. Кому му одговараат вакви грдотии, ако не токму на оној што ги демне епизодите од „Долина на волците или „Имотот на дамата" во речиси очајнички обид за самоанестезија и потрага по иљач против мизеријата на невработеноста и сиромаштијата? Ова се неговите пет минути, но токму современата уметност не смее да ги игнорира овие скапоцени минути. Напротив, од неа би се очекувало да ги воздигне и од нив да создаде сопствен споменик.

Точно е дека овој монумент би бил посветен на човечката игнорантност, но мора да си признаеме дека и таа е неизддвоив дел од нашата најнова историја. Наместо форсирано производство на идеализирани форми и статуи со морални пораки, на невкусот треба да му се врати со иста мера, спакуван одозгора со црвена тантела. Понатаму од публиката би зависело колку е таа навистина подготвена да ја проголта сопствената некултура во форма на висока уметност. Навлечена на патриотски слогани чие значење не го разбира и барајќи го ликот на Богородица во палачинка, таа нема никогаш да ја разбере современата уметност, но, впрочем тоа и никогаш не се барало од неа. Последниот комичен пример на овој неуспех беше барањето од пуританците да се покрие голотијата на Прометеј на Томе Аџиевски, што овој молчешкум го прифатил. Да не го судиме. Ова, впрочем, беше случајот со Микеланџело (Систинската капела) и, веројатно, Аџиевски долго време ќе се теши со оваа историска анегдота, верувајќи дека не е сосема искорумпиран автор. Но, според мене, ова е сосема очекувано. Доколку сметаме дека мора да правиме дела кои публиката ќе може да ги разбере, како што еден драмски режисер на времето ме убедуваше, правиме огромна грешка и неправда, не само кон таа иста публика и кон самите нас како автори, туку кон цели идни генерации кои би биле целосно рамнодушни кон околностите во кои творел уметникот. Начелно, тезата и не звучи така лошо доколку зад неа не би стоела претенциозната мистификација на уметноста, присутна токму во домашниот театар. Она што напротив би било реален одраз на општествените прилики во уметноста е најотворениот можен пристап кон сите доблести и мани понудени од популарната култура и од малограѓанската кич-естетика, колку и да изобилува со невкус и со површност. Оттаму, турбопоп е, можеби, нашата неизбежност. Во последните обиди да се воздигнеме над сопствените заблуди, сепак, постои излез во чинот на веселото прифаќање на истите тие и нивното величање како највисок идеал. Турбопоп се покажа како жив, здрав и прилично жилав. Секогаш ќе биде тука, до нас, околу нас, исполнувајќи го нашето секојдневје со весели празноглави баналности, безгрижна медиокритичност и шарени лаги, и така ќе остане сè додека постојат оние што бараат чуда во своето утринско кафе и спасение во националистичките идеолози. Затоа, можеби, е крајно време да го внесеме во музеите на модерната уметност.

**НАМЕСТО ФОРСИРАНО ПРОИЗВОДСТВО НА ИДЕАЛИЗИРАНИ ФОРМИ И СТАТУИ СО МОРАЛНИ ПОРАКИ, НА НЕВКУСОТ ТРЕБА ДА МУ СЕ ВРАТИ СО ИСТА МЕРА, СПАКУВАН СО ЦРВЕНА ТАНТЕЛА**

